СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

Програма 2025-2029

# ОПШТИНА КИЧЕВО



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СОВЕТНИЧКА ЛИСТА

5

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



**Почитувани кичевчани,**

Како носител на советничката листа, добивам шанса да бидам општествено ангажиран. Заедно со другарите од советничката листа ќе дејствуваме во насока на решавање на проблемите во општината, кои со години ги тиштат граѓаните, а ќе нѐ води желбата за поквалитетен, поразновиден и посреќен живот за сите нас што живееме тука, во нашиот убав град. Затоа ја бараме вашата поддршка! Нашата општина секогаш се соочувала со проблеми, но жално е што со години не се реши најголемиот од нив - алармантно загадениот воздух во зимскиот период, кој го уништува здравјето на населението. Зар има нешто повредно од здравјето и животот на граѓаните? Мора итно да се дејствува! Комуналната хигиена мора да се подигне на едно повисоко ниво. За кучињата скитници мора да се најде соодветно решение од типот на изградба на регионален и општински прифатен центар. Ни треба изградба на тениски терени, изградба на градски базен. Ни треба градски парк за одмор и рекреација на постарите и социјално-културен живот на младите. Без поголема финансиска поддршка за локалните спортски клубови не можеме да очекуваме значаен резултат на спортски план. Сите овие локални прашања не познаваат религиска, етничка, или каква било поделба, а ние во Советот ќе дејствуваме за подобрување на состојбите за сите кичевчани. Нашата сегашност и нашата иднина зависат само од нас! Затоа, ве повикувам да гласаме на 19 октомври!

Со почит,

**Стево Стефаноски,**

носител на листа

> **„МОРА ИТНО ДА СЕ ДЕЈСТВУВА! ЛОКАЛНИТЕ ПРАШАЊА НЕ ПОЗНАВААТ РЕЛИГИСКА, ЕТНИЧКА, ИЛИ КАКВА БИЛО ПОДЕЛБА, А НИЕ ВО СОВЕТОТ ЌЕ ДЕЈСТВУВАМЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ЗА СИТЕ КИЧЕВЧАНИ.“**

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Кичево

1. Стево Стефаноски, 1969, геодетски инженер, СДСМ
2. Ирина Стојаноска , 1974, професор по одделенска настава , СДСМ
3. Мартин Миладиноски, 1998, апсолвент на УИНТ „Св. Апостол Павле" – Охрид, СДСМ
4. Валентина Никодиноска, 1984, наставник по одделенска настава, СДСМ
5. Марјан Кацески, 1989, дипломиран правник, СДСМ
6. Анастасија Трајановска, 2000, машински инженер, СДСМ
7. Горан Трајкоски, 1980, ветеринарен техничар, СДСМ
8. Весна Николовска – Иваноска , Правен Факултет , СДСМ
9. Дејан Цветаноски, 1997, Индустриско инженерство и менаџмент, СДСМ
10. Златко Софронијоски, 1994, Општа Гимназија , СДСМ
11. Маја Стојкоска, 1974, фармацевтски техничар, СДСМ
12. Стефан Симјаноски, 1994, дипломиран музички уметник, СДСМ
13. Даниела Јовеска, 1981, дипломиран лабораториски аналитичар, СДСДМ
14. Спасе Ристески, 1990, дипломиран правник, СДСМ
15. Давор Михајлоски, 1996, економски факултет, СДСМ
16. Захаринка Најдова, 1980, средно образование, СДСМ
17. Владимир Сарџоски, 1985, професор по Физичко и здравствено образование, СДСМ
18. Златко Вељаноски, 1986, средно образование, СДСМ
19. Ружица Богданоска, 1992, наставник по одделенска настава, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**
- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Нова општинска зграда (директно финансирана од Владата на Република Северна Македонија, средства од ТАФ, пренаменети за општини), завршена во 2024 година.
- Почнување  на изградба на затворен базен во 2021 година, финансиски подржано од Агенцијата за млади и спорт.
- Изградба на пречистителна станица.
- Реконструкција на Китино Кале, финансиски поддржано од Владата на Република Северна Македонија и Светска банка.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Во последните месеци нема никаква соработка со централната власт и се прават опструкции на секој можен начин.
- Многу мал број одобрени проекти од последните грантови доделени од страна на Владата.
- Одземање на надлежност над основно училиште и градинка.
- По повеќегодишна борба за добивање корисничко право на спортските терени во рамките на Општина Кичево, корисничкото право е дадено на Министерството за одбрана. Сите претходни чекори (изготвување елаборати, впишување во Катастар и сл.) беа сработени од страна на Општина Кичево.





# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам за носител на советничката листа затоа што длабоко верувам во потенцијалот на нашиот град и во силата на заедницата. Сакам да внесам енергија, транспарентност и одговорност во локалната власт и да работам во служба на сите граѓани - без исклучок. Имам јасна визија за поуреден, побезбеден и поразвиен град, каде што младите ќе остануваат, а повозрасните ќе имаат достоинствен живот. Моја цел е да создадеме функционална инфраструктура, силна економија и отворен дијалог со граѓаните. Не се кандидирам од лични интереси, туку од искрена желба да направиме вистинска и видлива промена.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Кога зборуваме за визија за општината, мислиме на јасна слика за тоа како сакаме таа да изгледа во иднина - инфраструктура, економија, култура, образовни и здравствени услуги, екологија, безбедност. Таквата визија служи како патоказ за сите одлуки и проекти што ќе се спроведат на локално ниво.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Сметам дека во следниот мандат мора да се фокусираме на три приоритети. Прво, решавање на најгорливите инфраструктурни проблеми – подобрување на патната мрежа, водоснабдувањето и јавната чистота. Второ, создавање услови за економски развој, преку поддршка на локалните бизниси, нови инвестиции и отворање работни места. Трето, вложување во образованието, културата и спортот, бидејќи тие се основата за едно здраво и активно општество.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Мојата цел е младите да се чувствуваат слушнати и вклучени во одлуките – да имаат глас и влијание врз тоа како изгледа местото каде што живеат. Ако ги поттикнеме нивните идеи и енергија, добиваме општина што расте со нив и за нив.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Општата безбедност на граѓаните е темел на секоја здрава и просперитетна заедница. Мојот пристап кон ова прашање е сеопфатен - безбедноста не значи само присуство на полиција туку и превенција, доверба и соработка меѓу институциите и граѓаните.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Да, доброто планирање на просторот и мобилноста е еден од клучните предуслови за забрзан и одржлив развој, но и за подобар квалитет на животот на граѓаните. Кога просторот е рационално искористен, а сообраќајот и јавниот превоз се организирани ефикасно, се добиваат повеќекратни придобивки: помал сообраќаен метеж, почист воздух, поголема безбедност, подобра пристапност и поатрактивна средина за живот и работа.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не, не сме осудени – но ако ништо не менуваме, ризикуваме да останеме во истата состојба. Загадувањето на воздухот и проблемот со отпадот не се природна судбина, туку последица на години занемарување, недоволна контрола и лошо управување. За да не живееме во „ѓубре и отровен воздух“, потребно е да се преземат паралелни чекори.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста**



**и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Секако дека може - но тоа не е еднократна акција, туку процес што бара упорност, системски пристап и искрена политичка волја. Довербата на граѓаните не се гради преку зборови, туку преку дела што доследно покажуваат дека општината работи во нивни интерес.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Иселувањето и опаѓањето на наталитетот се тесно поврзани и претставуваат сериозна закана за иднината на секое општество, особено за помалите средини. Без луѓе, не постои економски развој, нема културен и општествен живот, ниту можност за пренос на традицијата и вредностите. Прашањето „Имаме ли иднина без луѓе?" е всушност предупредување - ако не преземеме конкретни мерки сега, за една или две генерации ќе се соочиме со празни села, застарена популација и исчезнување на локалната економија.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Очекувам граѓаните да ја дадат поддршката за нашата советничка листа затоа што нашата работа и нашата визија се засноваат врз конкретни резултати, посветеност и транспарентност. Ние не ветуваме празни зборови - ние ветуваме ангажман, присутност и конкретни акции за подобрување на секојдневниот живот на луѓето.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## Визија

Нашата визија е Кичево да биде посакувана општина за живеење, просперитетна и економски развиена. Општина по мерка на своите граѓани каде што тие ќе бидат во центарот на вниманието со нивните потреби. Општина на задоволни и среќни граѓани, во која младите ќе сакаат да останат за ја градат својата сегашност и иднина тука. Кичево да биде општина како пример за мултикултурен соживот каде што различностите ќе бидат предност, а не мана.

## Мисија

Сакаме Кичево да биде една од најдобрите општини во Македонија со навремени, достапни и квалитетни услуги за своите граѓани, заштитена и уредена животна средина, квалитетно образование, соодветни сообраќајни решенија, соодветни инфраструктурни решенија и уредени зелени површини што ќе му ја вратат убавината на градот. Тоа се постигнува со чесно, одговорно и домаќинско работење.

## За децата

Ќе се залагаме за градинки во кои децата ќе се чувствуваат пријатно и безбедно, во обновени објекти и простори за играње на отворено, со соодветни играчки и помагала и квалитетна и здрава храна. Ќе поддржиме отворање детски градинки во градот и поголемите села, со што ќе се подобрат условите и ќе се обезбеди еднаков пристап на сите граѓани до услугите. Ќе предложиме и бесплатна настава по англиски јазик за децата во детските градинки.

## За учениците

Ќе се бориме за подобрување на условите за квалитетно образование. Обновени, чисти и загреани училишта, реконструирани спортски сали со соодветна опрема, уредени училишни дворови. Даваме поддршка и за енергетски ефикасни училишта и за безбедна, квалитетна и здрава исхрана. Безбеден превоз на учениците и вработените до училиштата и до дома.
Ќе поддржиме вклучување на ученици во европски проекти за училишна размена. Младите генерации да добијат достојни услови за образование и преку различни програми да бидат активно вклучени во развојот на Кичево.

### За младите

Преку младинскиот совет и други форми на организација, ќе ги поттикнеме младите да ја вложат својата енергија и идеи во развојот на Кичево. Ќе се залагаме за изградба на: велосипедски патеки, реконструкција на базенот во Домот на АРМ или изградба на нов, затворен базен, киносала, младински спортски школи, стипендирање на спортски таленти од нашиот град итн. Неформалните и формални здруженија што се во подем, а се претежно водени и составени од млади луѓе, ја заслужуваат целосната поддршка од локалната самоуправа, бидејќи организираат активности што го збогатуваат животот на сите кичевчани и најчесто се од едукативен карактер. Ќе поттикнеме иницијатива за нов музички фестивал (пр. гитаријада), за кој би се пројавил интерес на централно ниво.

### За пензионерите

Изградба на нов достоинствен дом за пензионерски живот. Општината ќе се грижи за континуирано подобрување на условите за пензионерите и ќе овозможи континуирана помош за старите и изнемоштени лица.

Ќе се залагаме да се формира центар преку кој ќе се обезбеди помош при набавка на храна и лекови и пристап до здравствени и административни услуги за пензионерите што се сами и не можат да си ги исполнат тековните обврски. Исто е потребна и поголема соодветна културно-забавна понуда за постарите граѓани. Потребни се и повеќе клупи за одмор на повеќе локации низ градот.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Зелено Кичево

Дивите депонии претставуваат сериозен еколошки, здравствен и естетски проблем на територијата на Општина Кичево. Неправилното фрлање отпад предизвикува загадување на почвата, водите и воздухот, а воедно влијае негативно врз здравјето на жителите и локалната биодиверзитетна рамнотежа.

Со цел трајно решавање на овој проблем, Општината планира изградба на Центар за прием, селекција и обработка на отпадни материјали, со цел организирано, ефикасно и еколошки одговорно управување со отпадот.

**Влијание на проектот:**

- Изграден и функционален Центар за прием и преработка на отпад;
- Систематско управување со отпад и намалување на количината што завршува во диви депонии;
- Поголема селекција и рециклирање (пластика, стакло, хартија, метал);
- Вработување на локално население во одржување и управување со центарот;
- Подигната еколошка свест кај граѓаните и зголемена општествена одговорност.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Кичево

**Рок на реализација**

2029 година

**Буџет**

- Вкупна проценета вредност: 25.000.000 денари
- Извори на средства:
- Општински буџет
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- ЕУ фондови за животна средина (ИПА)

# Изградба на стационар за бездомни животни

Бездомните животни, особено кучињата скитници, претставуваат сè поголем проблем на подрачјето на Општина Кичево. Зголемениот број животни предизвикува низа безбедносни, здравствени и хуманитарни предизвици. Општината ја препознава потребата од системско, хумано и одржливо решение, кое ќе се реализира преку изградба на современ стационар (прифатилиште).

**Влијание на проектот:**

- Изграден и функционален современ стационар со капацитет до 150 животни;
- Значително намалување на бројот на бездомни кучиња;
- Подобрена безбедност и хигиена на јавните површини;
- Систем за стерилизација, третман и вдомување животни;
- Зголемена свест кај граѓаните за одговорно сопственииштво и хуман третман.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2029 година

**Буџет**

- Вкупна проценета вредност: 12.000.000 денари

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Енергетска ефикасност во Општина Кичево

Енергетската транзиција претставува неопходна глобална акција за намалување на емисиите на $CO_2$, со цел ублажување на климатските промени. Во рамките на оваа транзиција, Општина Кичево се обврзува на активна улога преку примена на обновливи извори на енергија и мерки за енергетска ефикасност. Со оваа програма се планира значително намалување на потрошувачката на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови, особено преку инсталација на фотоволтаични панели на јавни објекти и површини.

**Влијание на проектот:**

- Инсталирана вкупна моќност на фотоволтаични системи: најмалку 1 MW
- Намалување на годишната потрошувачка на електрична енергија за 20 – 30 % во јавниот сектор.
- Намалување на $CO_2$ емисии за приближно 500 тони годишно.
- Финансиски заштеди од над 3 милиони денари годишно во буџетот на Општината.
- Придонес кон националната стратегија за енергетска транзиција.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

Декември 2027 година

**Буџет**

Вкупна вредност 25.000.000 денари

# ПРОЕКТИ

## Современ отворен базен

Општина Кичево нема функционален јавен базен. Граѓаните се принудени да патуваат во соседните општини за да користат ваков вид спортско-рекреативни услуги, што е дополнителен финансиски и временски товар. Постојната локација кај Домот на армијата има потенцијал за ревитализација и повторно активирање, со што ќе се оживее и самиот простор и ќе се подобри квалитетот на живеење во градот.

### Влијание на проектот:

Покрај рекреативната функција, базенот ќе придонесе и за поттикнување на пливачки спортови, активности за деца и млади, летни школи, како и за туристичката понуда на општината.

### Целна група:

Сите граѓани

### Рок на реализација

Проектот се планира да се реализира во периодот од 2026 до 2029 година.

### Буџет

Проценетата вредност на проектот ќе биде утврдена по изработка на техничката документација, но се предвидува финансирањето да се обезбеди од буџетот на Општината, преку Министерството за локална самоуправа, како и можност за аплицирање на државни или меѓународни фондови.

## Современо лизгалиште за зимскиот период

Лизгалиштето ќе биде поставено на соодветна урбана локација, лесно достапна за граѓаните и поврзана со главната инфраструктура. Површината ќе биде опремена со систем за замрзнување на водата, подлога отпорна на лизгање, осветлување и соодветна ограда за безбедност. Ќе се изградат придружни објекти, како што се гардероби, санитарни јазли, штандови за топли напитоци и простор за одмор и гледачи. Целата поставка ќе биде пренослива или адаптибилна, со можност за монтажно-демонтажно функционирање по завршување на зимската сезона.

### Влијание на проектот:

Општина Кичево ќе добие целосно функционален и современ простор за зимска рекреација. Лизгалиштето

ќе овозможи активно вклучување на младите во спортот, ќе придонесе за развој на здрава животна навика и ќе ги збогати содржините во јавниот простор во текот на зимата. Дополнително, ќе се отвори можност за нови работни места, привлекување туристи и подобрување на имиџот на општината како динамична и семејно-ориентирана средина.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

Проектот се предвидува да се реализира во периодот од 2026 до 2029 година.

**Буџет**

Проценетата вредност на проектот ќе биде утврдена по изработка на техничката документација, но се предвидува финансирањето да се обезбеди од буџетот на Општината, преку Министерството за локална самоуправа, како и можност за аплицирање на државни или меѓународни фондови.

## Скејт-парк

Скејт-паркот ќе биде изграден на достапна и видлива урбана локација, по можност во близина на училишта, спортски терени или други јавни простори. Површината ќе биде бетонска или од специјален материјал, со модуларни елементи, како што се рампи, скокалки, шини, подиуми и т.н., приспособени за почетници и поискусни корисници. Ќе биде обезбедено осветлување, урбана опрема за седење и одмор, како и информативни табли за користење и безбедност.

**Влијание на проектот:**

Со изградбата на скејт-паркот, Општина Кичево ќе покаже ангажман за поддршка на младите и нивниот здрав развој.
Ќе се создаде современо урбано катче што ќе поттикне физичка активност, креативност и социјална вмреженост.
Просторот ќе придонесе за збогатување на јавната понуда за спорт и рекреација и ќе помогне во намалување на девијантното однесување преку ангажирање на младите во позитивни активности.

**Целна група:**

Младите во Општина Кичево

**Рок на реализација**

Градежните активности и уредувањето на просторот ќе се реализираат во текот на наредните неколку години

**Буџет**

Финансиските средства за изградба на скејт-паркот ќе бидат обезбедени преку буџетот на Општината, во соработка со државните институции за млади и спорт.

## Три нови современи тениски терени

Проектот предвидува изградба на три тениски терени со современи стандарди, осветлување за ноќна употреба и соодветна дренажа. Терените ќе бидат опремени со оградна мрежа, трибини за публика (по потреба), пристапен пат и урбана опрема околу објектите. Ќе се обезбедат и простории за гардероби и санитарија во рамките на спортскиот комплекс или како посебен објект во близина. Локацијата на терените ќе биде избрана така што ќе има лесна достапност за жителите, како и добра поврзаност со другите спортски капацитети, со цел создавање целосен спортски комплекс во општината.

### Влијание на проектот:

Со изградбата на три нови тениски терени, Кичево ќе добие функционални и современи спортски капацитети што ќе бидат вистински поттик за развој на тенискиот спорт. Ќе се подобрат условите за тренинг и натпреварување, ќе се стимулира вклучувањето на младите во индивидуални спортови и ќе се зголеми бројот на спортски и рекреативни содржини во општината. Овој проект претставува долгорочна инвестиција во здравјето, социјалната кохезија и спортската култура на градот.

### Целна група:

Сите граѓани

### Рок на реализација

Се предвидува реализацијата да започне во 2026 година и да заврши до 2029 година.

### Буџет

Финансирањето на проектот ќе се обезбеди преку буџетот на Општина Кичево, како и со можност за дополнително финансирање преку државни програми за развој на спортска инфраструктура, фондови за млади и спорт.

## Современ парк

Проектот предвидува уредување на површина во непосредна близина на магистралниот пат, каде што ќе се постават уредени тревни површини, дрвореди, пешачки и велосипедски патеки, клупи за седење, фонтана или декоративно езерце, детски реквизити, теретана на отворено и урбана опрема. Ќе се постави соодветно осветлување, систем за наводнување, канти за отпадоци и инфотабли. Просторот ќе биде дизајниран според принципите на пристапност за лица со попреченост, а ќе се користат и еколошки и одржливи материјали. Дополнително, ќе се предвиди дел од паркот да биде тивка зона за читање и релаксација, како и простор каде што може да се организираат јавни настани, изложби или едукативни активности за деца и млади. Со внимателно планирање, паркот ќе претставува балансирана средина меѓу природа, забава и мир.

### Влијание на проектот:

Со изградбата на овој современ парк, општината ќе понуди простор што ќе стане препознатливо место за секојдневен одмор, семејни прошетки, рекреација и дружење. Паркот ќе биде симбол на грижата за здрав живот, екологија и инклузивност и ќе претставува долгорочна инвестиција во благосостојбата на граѓаните и во развојот на урбаната култура во Кичево.

### Целна група:

Сите граѓани

### Рок на реализација

Проектот ќе се реализира во неколку фази – од планирање и проектирање, преку градежни и хортикултурни активности, до финално опремување и пуштање во употреба. Општина Кичево ќе ја координира реализацијата во соработка со урбанистички планери, архитекти, јавни претпријатија и други надлежни институции.

### Буџет

Проценетата вредност на проектот ќе биде утврдена по изработка на техничката документација, но се предвидува финансирањето да се обезбеди од буџетот на Општината, преку Министерството за локална самоуправа, како и можност за аплицирање на државни или меѓународни фондови.

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**УЗ „Центар“**

- Подобрување на уличното осветлување на ул. „4-ти Јули“ и во околината на воените згради
- Подигнување на нивото на комунална хигиена во околината на двете училишта
- Уредување на кејот на р. Сушица од левата страна (кај Пензионерскиот дом)
- Реновирање на спортското игралиште во кругот на интернатот

**МЗ „Другово/Вранештица/Староец“**

- Проширување на патот кон манастирот „Св. Богородица-Пречиста“
- Доградба на канализациска мрежа во с. Другово
- Изградба на фудбалско игралиште во с. Староец
- Поврзување на водоводна мрежа на с. Староец
- Заштита и чистење на речното корито на реката Треска од с. Б. Доленци до с. Вранештица

**УЗ „Горица/Календарица“**

- Обновување на водоводната мрежа на ул. „Кленоечка“
- Изградба на тротоарска патека на магистралниот пат од Копачка до бензинската станица на „Макпетрол“
- Поставување посебни контејнери за отпад на ул. „Пролетерски бригади“ и ул. „Иван Трпески“
- Изградба ан тротоари на ул. „Љубица Богеска“ со бехатон-плочки
- Почесто обновување на уличното осветлување

**УЗ „Ламели/Бала Мало/Подварош“**

- Реновирање на паркинг -просторот во кругот на стари ламели
- Реновирање на ул. „Драге Карбоничанец“ и дел од ул. „Исеин Акиоски“
- Подигнување на нивото на комуналната хигиена во населба Тенеќе Маало
- Уредување и чистење на речното корито на река Сушица
- Решавање на проблемот со протокот во атмосферската канализацијата

**УЗ „Иванидол/Коњски Ливади“**

- Поставување бехатон-плочки на крајниот дел на ул. „Егејска“
- Довршување на асфалтирањето на крак на ул. „Тренко Тасески“
- Санирање на проблемите со канализацијата
- Изградба на тротоар на крајниот дел од ул. „Мара Угринова-Гина“

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА